**Народна банка на Република Македонија**
ДИРЕКЦИЈА ЗА СТАТИСТИКА

И бр. 8

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија на крајот на третиот квартал од 2016 година

декември 2016 година

На крајот на третиот квартал од 2016 година **бруто надворешниот долг** изнесува 7.504 милиони евра и во споредба со состојбата на крајот на претходниот квартал е зголемен за 624 милиони евра, главно под влијание на порастот на јавниот долг (за 608 милиони евра), кој главно произлегува од новата емисија на петгодишни евро-обврзници од страна на државата, во номинален износ од 450 милиони евра. На крајот на третиот квартал **бруто надворешните побарувања** изнесуваат 4.918 милиони евра и бележат квартално зголемување за 591 милион евра, при зголемени јавни побарувања за 607 милиони евра. Следствено, **нето надворешниот долг** е зголемен за 33 милиони евра во третиот квартал од 2016 година и изнесува 2.586 милиони евра.

**Во однос на крајот на 2015 година**, бруто надворешниот долг на крајот на септември 2016 година е повисок за 1.213 милиони евра, од кои околу 80% се однесуваат на зголемениот јавен долг, додека преостанатиот дел на приватниот долг. Притоа, долгот врз основа на репо-трансакциите што ги извршува Народната банка во рамки на управувањето со девизните резерви[1] бележи зголемување од 352 милиона евра. Доколку се исклучи нивниот ефект, бруто надворешниот долг од почетокот на годината е зголемен за 861 милион евра. Бруто надворешните побарувања се повисоки за 879 милиони евра. Без ефектот од обратните репо-трансакции, бруто надворешните побарувања се зголемени за 526 милиони евра. На нето-основа, од почетокот на годината, надворешниот долг е зголемен за 335 милиони евра.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција** во текот на третиот квартал од 2016 година е зголемена за 50,1 милион евра, што во поголем дел произлегува од горенаведениот раст на нето надворешниот долг (за 33 милиони евра), прираст на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти (за 17,1 милион евра). Со тоа, на крајот на третиот квартал на 2016 година, негативната нето МИП достигна 5.488,6 милиони евра, или 57,1% од БДП. И натаму, најголем дел (81,1%) од овој износ се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 73,8% се врз основа на сопственички капитал.

[1]При склучувањето на репо-трансакциите се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми“) коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи истовремено се склучуваат, на нето-основа овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските, и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

## Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

| | 31.12.2015 | | 30.06.2016 | | 30.09.2016 | | квартална промена | | | промена во однос на крај на претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **6,290.5** | **69.4** | **6,880.3** | **71.6** | **7,503.9** | **78.1** | **623.6** | **9.1** | **6.5** | **1,213.4** | **19.3** | **8.7** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***6,290.5*** | ***69.4*** | ***6,593.1*** | ***68.6*** | ***7,151.5*** | ***74.4*** | **558.4** | **8.5** | **5.8** | **861.0** | **13.7** | **5.0** |
| Долгорочен долг | 4,949.5 | 54.6 | 5,072.6 | 52.8 | 5,611.3 | 58.4 | 538.8 | 10.6 | **5.6** | 661.8 | 13.4 | **3.8** |
| Краткорочен долг | 1,341.0 | 14.8 | 1,807.8 | 18.8 | 1,892.6 | 19.7 | 84.8 | 4.7 | **0.9** | 551.6 | 41.1 | **4.9** |
| Јавен долг | 2,933.7 | 32.4 | 3,283.1 | 34.2 | 3,891.1 | 40.5 | 608.1 | 18.5 | **6.3** | 957.4 | 32.6 | **8.1** |
| Приватен долг | 3,356.9 | 37.0 | 3,597.3 | 37.4 | 3,612.8 | 37.6 | 15.5 | 0.4 | **0.2** | 255.9 | 7.6 | **0.5** |
| **Бруто надворешни побарувања** | **4,039.4** | **44.6** | **4,327.5** | **45.0** | **4,918.0** | **51.2** | **590.6** | **13.6** | **6.1** | **878.7** | **21.8** | **6.6** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***4,039.4*** | ***44.6*** | ***4,040.3*** | ***42.0*** | ***4,565.0*** | ***47.5*** | **524.7** | **13.0** | **5.5** | **525.6** | **13.0** | **2.9** |
| **Нето надворешен долг** | **2,251.2** | **24.84** | **2,552.8** | **26.6** | **2,585.9** | **26.9** | **33.0** | **1.3** | **0.3** | **334.7** | **14.9** | **2.1** |
| **МИП, нето** | **-5,082.7** | **-56.1** | **-5,438.5** | **-56.6** | **-5,488.6** | **-57.1** | **-50.1** | **0.9** | **-0.5** | **-405.9** | **8.0** | **-1.0** |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2015 година е претходен (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 30.9.2016 година). Податокот за 2016 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.




Извор: НБРМ.

На крајот на третиот квартал од 2016 година бруто надворешниот долг достигна 7.504 милиони евра, или 78,1% од проектираниот БДП за оваа година, при квартален раст на обврските од 624 милиони евра (или 9,1%).

Во однос на крајот на 2015 година, бруто надворешниот долг е повисок за 1.213 милиони евра (или 19,3%).




Извор: НБРМ.

Во овој квартал, во структурата на бруто надворешниот долг јавниот долг достигна историско највисоко учество од 51,9%.




Извор: НБРМ.

Рочната структура на бруто надворешниот долг и натаму е поволна, со доминантно учество на долгорочниот долг.




Извор: НБРМ.

Од аспект на секторската структура на бруто надворешниот долг, главни носители на надворешната задолженост се секторот држава и останатите сектори, со учество од 35,4% и 25,8%, соодветно. По нив, следува долгот кон капитално поврзаните субјекти (25,4%) и депозитните институции (7,6%).




Извор: НБРМ.

Најголем дел, или 62,3% од бруто надворешната задолженост на земјата, е врз основа на заеми, по што следува задолженоста врз основа на должнички хартии од вредност, со учество од 17,4% и трговски кредити, со учество од 17,3%.

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, на крајот на третиот квартал од 2016 година




Извор: НБРМ.

Валутната структура на обврските врз основа на заеми останува релативно стабилна, при што и натаму најголем дел од овие обврски (81%) се деноминирани во евра.




Извор: НБРМ.

Растот на бруто надворешниот долг во третиот квартал на 2016 година, во најголем дел се должи на јавниот долг (за 608 милиони евра), при мал раст и на приватниот долг (за 16 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Кварталниот пораст на вкупниот јавен надворешен долг од 608 милиони евра главно е резултат на зголемувањето на долгот на државата (за 518 милиони евра), кој главно произлегува од новата емисија на евро-обврзници (во номинален износ од 450 милиони евра). Помал придонес имаат и кварталниот раст на долгот на централната банка (за 64 милиони евра) и долгот на јавните банки и јавните претпријатија (за 26 милиони евра).

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, на крајот на третиот квартал од 2016 година




Извор: НБРМ.

Растот на приватниот надворешен долг во третиот квартал од 2016 година произлегува од приватните банки (14 милиони евра) и капитално поврзаните субјекти (9 милиони евра), при намален долг на небанкарскиот приватен сектор (8 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Анализирано по институционални сектори, носител на кварталниот раст на вкупната надворешна задолженост е државата, со 518 милиони евра. Истовремено, централната банка придонесува со 64 милиони евра, а останатите сектори (главно домашниот корпоративен сектор) со 26 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Во споредба со крајот на 2015 година, 78,9% од растот на вкупниот долг се објаснува со зголемениот долг на јавниот сектор (за 957 милиони евра), при значителен раст и на приватниот долг (за 256 милиони евра). Доколку се исклучи ефектот од репо-трансакциите на централната банка, јавниот долг во овој период е зголемен за 605 милиони евра.

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, на крајот на третиот квартал од 2016 година




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, од почетокот на годината долгот е зголемен кај речиси сите сектори, пред сè кај државата (566 милиони евра) и централната банка (351 милион евра, во целост врз основа на репо-трансакциите), по што следат меѓукомпанискиот долг (219 милиони евра) и долгот на останатите сектори (92 милиона евра). Намалување на долгот бележиме единствено кај депозитните институции (за 14 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Бруто надворешните побарувања, на крајот на септември 2016 година, изнесуваат 4.918 милиони евра, односно 51,2% од проектираниот БДП за оваа година. Во текот на третиот квартал побарувањата од нерезиденти се зголемени за 591 милион евра (или 13,6%).
Во однос на крајот од 2015 година, бруто надворешните побарувања се повисоки за 879 милиони евра (или 21,8%).




Извор: НБРМ.

На крајот на третиот квартал на 2016 година бележиме зголемено учество на јавните бруто надворешни побарувања (за 6,3 п.п.) во однос на претходниот квартал, додека во однос на крајот на 2015 година учеството е зголемено за 5,7 п.п.




Извор: НБРМ.

Во третиот квартал се забележува квартално зголемување на учеството на долгорочните побарувања за 5 п.п..




Извор: НБРМ.

Најголем дел (56,8%) од бруто надворешните побарувања припаѓаат на централната банка. По нив, според учеството во вкупните побарувања следуваат: останатите сектори (17,2%), капитално поврзаните субјекти (15%) и депозитните институции (11,1%).




Извор: НБРМ.

Анализата на структурата на побарувањата по должнички инструменти покажува најголемо учество на хартиите од вредност (44,4%), по што следат трговските кредити и аванси (26,9%), валутите и депозитите (16,1%) и заемите (12,5%).




Извор: НБРМ.

Зголемувањето на бруто надворешните побарувања во третиот квартал на 2016 година се објаснува со зголемувањето на јавните побарувања за 607 милиони евра, при минимално намалување на приватните побарувања за 16 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Минималниот квартален пад кај надворешните побарувања на приватниот сектор произлегува од намалените побарувања на небанкарскиот приватен сектор, кои во значаен дел се неутрализирани со растот на побарувањата на капитално поврзаните субјекти.




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, квартален раст бележиме пред сè кај бруто побарувањата на централната банка (за 607 милиони евра), а во помал обем и кај капитално поврзаните субјекти (за 44 милиони евра), наспроти намалувањето на побарувањата на останатите сектори (за 50 милиони евра) и на депозитните институции (за 10 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Во споредба со крајот на 2015 година, зголемувањето на надворешните побарувања главно е сконцентрирано кај јавните побарувања (за 729 милиони евра), при помал раст и кај приватните надворешни побарувања (за 150 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Секторски гледано, придонес за збирниот раст на вкупните надворешни побарувања од почетокот на годината имаат централната банка (со 744 милиони евра), капитално поврзаните субјекти (со 201 милион евра) и останатите сектори (со 46 милиони евра).




Извор:НБРМ.

Во услови на поинтензивен раст на бруто надворешниот долг во однос на растот на бруто надворешните побарувања, нето надворешниот долг на земјата во текот на третиот квартал од 2016 година е зголемен за 33 милиони евра (1,3%), со што достигна ниво од 2.586 милиони евра (26,9% од проектираниот БДП).

Во однос на крајот на 2015 година, нето надворешниот долг е зголемен за 335 милиони евра (14,9%).

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, на крајот на третиот квартал од 2016 година




Извор:НБРМ.

Приватниот нето надворешен долг и натаму има најголемо учество во вкупниот нето-долг (57,5%). Притоа, растот на приватниот нето долг (за 32 милиона евра) е главната причина за растот на вкупниот нето-долг на квартална основа, додека јавниот нето-долг бележи минимално нагорно придвижување од 1 милион евра.




Извор:НБРМ.

Освен централната банка, сите други институционални сектори се нето-должници кон странство.




Извор: НБРМ.

Во текот на третиот квартал на 2016 година, негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) е зголемена за 50 милиони евра (или 0,5 п.п. од БДП), достигнувајќи 5.489 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Од аспект на структурата на нето МИП, 81,1% се однесуваат на нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 73,8% се врз основа на сопственички капитал.




Извор: НБРМ.

Кварталниот раст на негативната нето МИП е резултат на растот на обврските (од 654 милиони евра) при истовремен, но помал раст на средствата (од 604 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Гледано по инструменти, нето-обврските врз основа на должнички инструменти бележат зголемување за 33 милиони евра, додека врз основа на сопственички инструменти, тие се зголемени за 17 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Зголемувањето на нето-обврските од сопственички инструменти во целост се должи на растот на нето-обврските кај сопственичкиот капитал од директни инвестиции (за 27 милиони евра) и падот на средствата во монетарно злато (за 1 милиони евра), делумно нетирани со растот на нето-средствата кај сопственичкиот капитал од портфолио-инвестиции (за 12 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Збирниот раст на негативната нето МИП во однос на крајот на 2015 година (од 406 милиони евра) во најголем дел се објаснува со растот на нето надворешниот долг за 335 милиони евра, надополнет со растот и на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти (за 71 милион евра).

# ПРИЛОГ ТАБЕЛИ

Табела 1

**Бруто надворешен долг***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | Кв.1 2015 | Кв.2 2015 | Кв.3 2015 | Кв.4 2015 | Кв.1 2016 | Кв.2 2016 | Кв.3 2016 | квартална промена | | промена во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 174.0 | 198.8 | 195.8 | 134.0 | 198.7 | 168.4 | 157.7 | 139.9 | 153.4 | 134.3 | 148.5 | 136.1 | 142.8 | 134.6 | -8.3 | -5.8 | -13.9 | -9.4 |
| Должнички хартии од вредност | 133.3 | 277.3 | 258.9 | 202.5 | 293.8 | 152.4 | 674.4 | 688.7 | 660.4 | 652.2 | 755.7 | 769.6 | 790.0 | 1,308.1 | 518.1 | 65.6 | 552.5 | 73.1 |
| Заеми | 2,016.2 | 2,217.4 | 2,674.0 | 3,377.7 | 3,499.2 | 3,791.2 | 3,981.8 | 4,168.1 | 4,253.2 | 4,224.8 | 4,153.8 | 4,524.1 | 4,579.4 | 4,674.0 | 94.6 | 2.1 | 520.1 | 12.5 |
| Трговски кредити и аванси | 822.3 | 828.2 | 860.5 | 1,033.4 | 1,093.1 | 1,028.2 | 1,040.1 | 1,180.6 | 1,206.4 | 1,173.2 | 1,144.9 | 1,297.5 | 1,280.9 | 1,301.1 | 20.2 | 1.6 | 156.2 | 13.6 |
| Останати обврски | 149.2 | 187.0 | 40.1 | 20.7 | 10.3 | 6.3 | 60.0 | 60.0 | 60.0 | 60.0 | 4.5 | 4.5 | 4.5 | 4.5 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 78.3 | 76.7 | 73.2 | 78.2 | 83.5 | 82.9 | 82.2 | 83.2 | 81.6 | 82.8 | 81.6 | -1.1 | -1.4 | -1.6 | -1.9 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.2** | **3,780.4** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,992.3** | **6,320.7** | **6,416.2** | **6,326.8** | **6,290.5** | **6,813.4** | **6,880.3** | **7,503.9** | **623.6** | **9.1** | **1,213.4** | **19.3** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 2,125.6 | 2,020.3 | 1,976.1 | 1,980.3 | 2,091.0 | 2,124.2 | 2,139.0 | 2,657.1 | 518.1 | 24.2 | 566.1 | 27.1 |
| Централна банка | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 78.2 | 336.7 | 411.9 | 361.4 | 83.2 | 385.0 | 370.0 | 434.0 | 64.0 | 17.3 | 350.8 | 421.5 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 384.1 | 468.2 | 578.8 | 564.8 | 618.8 | 609.3 | 614.4 | 601.9 | 608.4 | 582.0 | 585.9 | 563.3 | 565.7 | 571.6 | 5.9 | 1.0 | -14.4 | -2.5 |
| Останати сектори | 1,321.9 | 1,347.0 | 1,464.8 | 1,702.6 | 1,730.9 | 1,758.9 | 1,879.8 | 1,752.2 | 1,791.1 | 1,818.2 | 1,845.6 | 1,891.2 | 1,911.5 | 1,937.7 | 26.2 | 1.4 | 92.0 | 5.0 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани субјекти | 682.7 | 837.6 | 872.3 | 804.2 | 997.9 | 1,169.4 | 1,294.2 | 1,609.6 | 1,628.7 | 1,584.8 | 1,684.7 | 1,849.7 | 1,894.1 | 1,903.6 | 9.4 | 0.5 | 218.8 | 13.0 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.2** | **3,780.4** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,992.3** | **6,320.7** | **6,416.2** | **6,326.8** | **6,290.5** | **6,813.4** | **6,880.3** | **7,503.9** | **623.6** | **9.1** | **1,213.4** | **19.3** |
| **Бруто надворешен долг/БДП %** | **48.8** | **55.9** | **57.8** | **64.2** | **68.2** | **64.0** | **70.0** | **69.8** | **70.8** | **69.8** | **69.4** | **70.9** | **71.6** | **78.1** | | **6.5** | | **8.7** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***3,304.2*** | ***3,780.4*** | ***4,105.7*** | ***4,614.1*** | ***5,014.1*** | ***5,219.7*** | ***5,992.3*** | ***6,067.5*** | ***6,087.2*** | ***6,047.6*** | ***6,290.5*** | ***6,510.0*** | ***6,593.1*** | ***7,151.5*** | ***558.4*** | ***8.5*** | ***861.0*** | ***13.7*** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО/БДП %*** | ***48.8*** | ***55.9*** | ***57.8*** | ***61.2*** | ***66.1*** | ***64.0*** | ***70.0*** | ***67.0*** | ***67.2*** | ***66.7*** | ***69.4*** | ***67.7*** | ***68.6*** | ***74.4*** | | ***5.8*** | | ***5.0*** |
| Долгорочен долг | 2,141.6 | 2,538.1 | 2,958.8 | 3,450.6 | 3,677.5 | 4,002.8 | 4,654.6 | 4,646.6 | 4,638.5 | 4,651.1 | 4,949.5 | 5,017.7 | 5,072.6 | 5,611.3 | 538.8 | 10.6 | 661.8 | 13.4 |
| Краткорочен долг | 1,162.6 | 1,242.2 | 1,146.9 | 1,396.0 | 1,494.1 | 1,216.9 | 1,337.7 | 1,674.1 | 1,777.7 | 1,675.7 | 1,341.0 | 1,795.6 | 1,807.8 | 1,892.6 | 84.8 | 4.7 | 551.6 | 41.1 |
| Долгорочен долг% | 64.8 | 67.1 | 72.1 | 71.2 | 71.1 | 76.7 | 77.7 | 73.5 | 72.3 | 73.5 | 78.7 | 73.6 | 73.7 | 74.8 | | 1.1 | | -3.9 |
| Краткорочен долг% | 35.2 | 32.9 | 27.9 | 28.8 | 28.9 | 23.3 | 22.3 | 26.5 | 27.7 | 26.5 | 21.3 | 26.4 | 26.3 | 25.2 | | -1.1 | | 3.9 |
| Долгорочен долг/БДП % | 31.6 | 37.5 | 41.6 | 45.7 | 48.5 | 49.1 | 54.4 | 51.3 | 51.2 | 51.3 | 54.6 | 52.2 | 52.8 | 58.4 | | 5.6 | | 3.8 |
| Краткорочен долг/БДП % | 17.2 | 18.4 | 16.1 | 18.5 | 19.7 | 14.9 | 15.6 | 18.5 | 19.6 | 18.5 | 14.8 | 18.7 | 18.8 | 19.7 | | 0.9 | | 4.9 |
| **Јавен долг** | **1,109.9** | **1,324.9** | **1,424.8** | **2,061.1** | **2,162.1** | **2,172.4** | **2,846.8** | **3,019.1** | **3,054.2** | **3,035.5** | **2,933.7** | **3,279.4** | **3,283.1** | **3,891.1** | **608.1** | **18.5** | **957.4** | **32.6** |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 2,125.6 | 2,020.3 | 1,976.1 | 1,980.3 | 2,091.0 | 2,124.2 | 2,139.0 | 2,657.1 | 518.1 | 24.2 | 566.1 | 27.1 |
| Централна банка | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 78.2 | 336.7 | 411.9 | 361.4 | 83.2 | 385.0 | 370.0 | 434.0 | 64.0 | 17.3 | 350.8 | 421.5 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.5 | 197.3 | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 643.0 | 662.1 | 666.2 | 693.8 | 759.4 | 770.3 | 774.0 | 800.0 | 26.0 | 3.4 | 40.6 | 5.3 |
| **Приватен долг** | **2,194.2** | **2,455.5** | **2,680.9** | **2,785.5** | **3,009.5** | **3,047.4** | **3,145.5** | **3,301.6** | **3,362.0** | **3,291.3** | **3,356.9** | **3,534.0** | **3,597.3** | **3,612.8** | **15.5** | **0.4** | **255.9** | **7.6** |
| Јавен долг% | 33.6 | 35.0 | 34.7 | 42.5 | 41.8 | 41.6 | 47.5 | 47.8 | 47.6 | 48.0 | 46.6 | 48.1 | 47.7 | 51.9 | | 4.1 | | 5.2 |
| Приватен долг% | 66.4 | 65.0 | 65.3 | 57.5 | 58.2 | 58.4 | 52.5 | 52.2 | 52.4 | 52.0 | 53.4 | 51.9 | 52.3 | 48.1 | | -4.1 | | -5.2 |
| Јавен долг/БДП % | 16.4 | 19.6 | 20.0 | 27.3 | 28.5 | 26.7 | 33.2 | 33.3 | 33.7 | 33.5 | 32.4 | 34.1 | 34.2 | 40.5 | | 6.3 | | 8.1 |
| Приватен долг/БДП % | 32.4 | 36.3 | 37.7 | 36.9 | 39.7 | 37.4 | 36.7 | 36.4 | 37.1 | 36.3 | 37.0 | 36.8 | 37.4 | 37.6 | | 0.2 | | 0.5 |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2015 година е претходен (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република Македонија" од 30.9.2016). Податокот за 2016 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.

Табела 2

**Бруто надворешни побарувања***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | Кв.1 2015 | Кв.2 2015 | Кв.3 2015 | Кв.4 2015 | Кв.1 2016 | Кв.2 2016 | Кв.3 2016 | квартална промена | | промена во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 628.5 | 937.9 | 903.1 | 995.2 | 961.3 | 711.6 | 896.5 | 874.4 | 799.1 | 837.0 | 900.8 | 901.4 | 770.8 | 791.2 | 20.4 | 2.6 | -109.6 | -12.2 |
| Должнички хартии од вредност | 1,114.7 | 901.2 | 1,139.7 | 1,394.3 | 1,492.2 | 1,627.7 | 1,943.7 | 1,846.4 | 1,811.1 | 1,728.2 | 1,773.3 | 1,744.1 | 1,668.9 | 2,181.6 | 512.7 | 30.7 | 408.3 | 23.0 |
| Заеми | 66.2 | 133.7 | 271.1 | 561.2 | 629.1 | 494.5 | 286.7 | 518.8 | 611.9 | 547.9 | 244.8 | 577.9 | 554.1 | 616.9 | 62.8 | 11.3 | 372.1 | 152.0 |
| Трговски кредити и аванси | 551.1 | 490.4 | 640.7 | 779.4 | 788.8 | 865.9 | 1,014.5 | 1,125.1 | 1,164.3 | 1,193.5 | 1,113.7 | 1,240.8 | 1,328.4 | 1,322.9 | -5.4 | -0.4 | 209.2 | 18.8 |
| Останати побарувања | 31.0 | 34.8 | 0.5 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 2.0 | 2.0 | 0.6 | 0.7 | 0.1 | 26.2 | -1.3 | -63.9 |
| Специјални права на влечење | 1.0 | 63.5 | 0.9 | 0.6 | 1.2 | 3.3 | 4.3 | 5.0 | 4.8 | 4.7 | 4.8 | 4.7 | 4.7 | 4.7 | -0.1 | -1.6 | -0.1 | -2.6 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.5** | **2,561.4** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **4,147.2** | **4,371.3** | **4,392.9** | **4,313.0** | **4,039.4** | **4,471.0** | **4,327.5** | **4,918.0** | **590.6** | **13.6** | **878.7** | **21.8** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 0.0 | 0.0 | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 49.8 | 51.0 | 41.4 | 25.6 | 15.1 | 9.3 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | -15.1 | -100.0 |
| Централна банка | 1,361.5 | 1,429.8 | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,220.8 | 2,370.4 | 2,353.0 | 2,247.0 | 2,049.0 | 2,331.2 | 2,186.1 | 2,793.1 | 607.0 | 27.8 | 744.1 | 36.3 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 390.6 | 496.8 | 572.8 | 603.1 | 572.7 | 557.8 | 641.1 | 619.4 | 601.4 | 616.5 | 641.4 | 634.1 | 554.6 | 544.4 | -10.3 | -1.9 | -97.0 | -15.1 |
| Останати сектори | 507.0 | 440.2 | 571.8 | 722.3 | 712.8 | 761.3 | 875.1 | 767.2 | 809.3 | 818.1 | 799.6 | 834.0 | 895.6 | 845.3 | -50.3 | -5.6 | 45.8 | 5.7 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани претпријатија | 133.3 | 194.6 | 282.9 | 323.6 | 487.4 | 538.8 | 360.3 | 563.3 | 587.8 | 605.9 | 534.4 | 662.4 | 691.2 | 735.3 | 44.1 | 6.4 | 200.9 | 37.6 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.5** | **2,561.4** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **4,147.2** | **4,371.3** | **4,392.9** | **4,313.0** | **4,039.4** | **4,471.0** | **4,327.5** | **4,918.0** | **590.6** | **13.6** | **878.7** | **21.8** |
| **Бруто надворешни побарувања/БДП %** | **35.3** | **37.9** | **41.6** | **49.5** | **51.1** | **45.5** | **48.4** | **48.2** | **48.5** | **47.6** | **44.6** | **46.5** | **45.0** | **51.2** | | **6.1** | | **6.6** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***2,392.5*** | ***2,561.4*** | ***2,956.1*** | ***3,497.6*** | ***3,736.6*** | ***3,704.5*** | ***4,147.2*** | ***4,118.1*** | ***4,063.9*** | ***4,034.1*** | ***####*** | ***4,167.6*** | ***4,040.3*** | ***4,565.0*** | ***524.7*** | ***13.0*** | ***525.6*** | ***13.0*** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО/БДП %*** | ***35.3*** | ***37.9*** | ***41.6*** | ***46.4*** | ***49.3*** | ***45.5*** | ***48.4*** | ***45.4*** | ***44.9*** | ***44.5*** | ***44.6*** | ***43.4*** | ***42.0*** | ***47.5*** | | ***5.5*** | | ***2.9*** |
| Долгорочни побарувања | 1,199.2 | 1,087.9 | 1,352.6 | 1,655.3 | 1,898.6 | 2,093.4 | 2,235.6 | 2,110.2 | 2,075.3 | 1,974.3 | 2,024.7 | 1,989.9 | 1,915.1 | 2,424.2 | 509.1 | 26.6 | 399.5 | 19.7 |
| Краткорочни побарувања | 1,193.3 | 1,473.5 | 1,603.4 | 2,075.4 | 1,974.0 | 1,611.1 | 1,911.6 | 2,261.1 | 2,317.6 | 2,338.7 | 2,014.7 | 2,481.1 | 2,412.3 | 2,493.8 | 81.5 | 3.4 | 479.1 | 23.8 |
| Долгорочни побарувања% | 50.1 | 42.5 | 45.8 | 44.4 | 49.0 | 56.5 | 53.9 | 48.3 | 47.2 | 45.8 | 50.1 | 44.5 | 44.3 | 49.3 | | 5.0 | | -0.8 |
| Краткорочни побарувања% | 49.9 | 57.5 | 54.2 | 55.6 | 51.0 | 43.5 | 46.1 | 51.7 | 52.8 | 54.2 | 49.9 | 55.5 | 55.7 | 50.7 | | -5.0 | | 0.8 |
| Долгорочни побарувања/БДП % | 17.7 | 16.1 | 19.0 | 21.9 | 25.0 | 25.7 | 26.1 | 23.3 | 22.9 | 21.8 | 22.3 | 20.7 | 19.9 | 25.2 | | 5.3 | | 2.9 |
| Краткорочни побарувања/БДП % | 17.6 | 21.8 | 22.6 | 27.5 | 26.0 | 19.8 | 22.3 | 25.0 | 25.6 | 25.8 | 22.2 | 25.8 | 25.1 | 25.9 | | 0.8 | | 3.7 |
| **Јавни побарувања** | **1,361.5** | **1,429.8** | **1,528.4** | **2,081.7** | **2,099.8** | **1,846.6** | **2,270.6** | **2,421.4** | **2,394.4** | **2,272.6** | **2,064.1** | **2,340.6** | **2,186.1** | **2,793.1** | **607.0** | **27.8** | **729.0** | **35.3** |
| Држава | 0.0 | 0.0 | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 49.8 | 51.0 | 41.4 | 25.6 | 15.1 | 9.3 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | -15.1 | -100.0 |
| Централна банка | 1,361.5 | 1,429.8 | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,220.8 | 2,370.4 | 2,353.0 | 2,247.0 | 2,049.0 | 2,331.2 | 2,186.1 | 2,793.1 | 607.0 | 27.8 | 744.1 | 36.3 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | | | | |
| **Приватни побарувања** | **1,030.9** | **1,131.6** | **1,427.6** | **1,649.0** | **1,772.9** | **1,857.9** | **1,876.5** | **1,949.9** | **1,998.5** | **2,040.4** | **1,975.3** | **2,130.4** | **2,141.4** | **2,125.0** | **-16.4** | **-0.8** | **149.7** | **7.6** |
| Јавни побарувања% | 56.9 | 55.8 | 51.7 | 55.8 | 54.2 | 49.8 | 54.8 | 55.4 | 54.5 | 52.7 | 51.1 | 52.4 | 50.5 | 56.8 | | 6.3 | | 5.7 |
| Приватни побарувања% | 43.1 | 44.2 | 48.3 | 44.2 | 45.8 | 50.2 | 45.2 | 44.6 | 45.5 | 47.3 | 48.9 | 47.6 | 49.5 | 43.2 | | -6.3 | | -5.7 |
| Јавни побарувања/БДП % | 20.1 | 21.1 | 21.5 | 27.6 | 27.7 | 22.7 | 26.5 | 26.7 | 26.4 | 25.1 | 22.8 | 24.4 | 22.7 | 29.1 | | 6.3 | | 6.3 |
| Приватни побарувања/БДП % | 15.2 | 16.7 | 20.1 | 21.9 | 23.4 | 22.8 | 21.9 | 21.5 | 22.1 | 22.5 | 21.8 | 22.2 | 22.3 | 22.1 | | -0.2 | | 0.3 |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2015 година е претходен (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република Македонија" од 30.9.2016). Податокот за 2016 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.

Табела 3

**Нето надворешен долг***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | Кв.1 2015 | Кв.2 2015 | Кв.3 2015 | Кв.4 2015 | Кв.1 2016 | Кв.2 2016 | Кв.3 2016 | квартална промена | | промена во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | -454.5 | -739.2 | -707.3 | -861.1 | -762.6 | -543.2 | -738.8 | -734.5 | -645.7 | -702.7 | -752.3 | -765.3 | -628.0 | -656.6 | -28.7 | 4.6 | 95.7 | -12.7 |
| Должнички хартии од вредност | -981.4 | -623.9 | -880.8 | -1,191.8 | -1,198.4 | -1,475.3 | -1,269.3 | -1,157.7 | -1,150.7 | -1,076.0 | -1,017.6 | -974.5 | -878.9 | -873.5 | 5.4 | -0.6 | 144.1 | -14.2 |
| Заеми | 1,949.9 | 2,083.8 | 2,402.9 | 2,816.5 | 2,870.0 | 3,296.8 | 3,695.1 | 3,649.2 | 3,641.2 | 3,677.0 | 3,909.0 | 3,946.2 | 4,025.3 | 4,057.1 | 31.8 | 0.8 | 148.1 | 3.8 |
| Трговски кредити и аванси | 271.2 | 337.8 | 219.7 | 253.9 | 304.3 | 162.3 | 25.7 | 55.5 | 42.1 | -20.3 | 31.1 | 56.6 | -47.5 | -21.8 | 25.7 | -54.1 | -53.0 | -170.1 |
| Останати обврски | 118.2 | 152.2 | 39.6 | 20.7 | 10.3 | 4.8 | 58.5 | 58.4 | 58.3 | 58.3 | 2.5 | 2.4 | 3.9 | 3.7 | -0.1 | -3.8 | 1.3 | 51.4 |
| Специјални права на влечење | 8.2 | 8.2 | 75.5 | 77.7 | 75.5 | 69.9 | 73.9 | 78.5 | 78.1 | 77.5 | 78.4 | 77.0 | 78.0 | 77.0 | -1.1 | -1.4 | -1.5 | -1.9 |
| **Нето надворешен долг** | **911.7** | **1,218.9** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,845.1** | **1,949.5** | **2,023.3** | **2,013.7** | **2,251.2** | **2,342.4** | **2,552.8** | **2,585.9** | **33.0** | **1.3** | **334.7** | **14.9** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 2,075.8 | 1,969.4 | 1,934.7 | 1,954.7 | 2,075.9 | 2,114.8 | 2,139.0 | 2,657.1 | 518.1 | 24.2 | 581.2 | 28.0 |
| Централна банка | -1,352.4 | -1,358.1 | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -2,142.7 | -2,033.7 | -1,941.1 | -1,885.6 | -1,965.8 | -1,946.3 | -1,816.1 | -2,359.0 | -543.0 | 29.9 | -393.3 | 20.0 |
| Депозитни институции, освен централна бан | -6.6 | -28.6 | 5.9 | -38.3 | 46.1 | 51.5 | -26.7 | -17.5 | 7.1 | -34.4 | -55.4 | -70.7 | 11.1 | 27.2 | 16.1 | 145.4 | 82.6 | -149.1 |
| Останати сектори | 814.9 | 906.8 | 893.0 | 980.3 | 1,018.1 | 997.6 | 1,004.7 | 985.1 | 981.8 | 1,000.2 | 1,046.1 | 1,057.2 | 1,015.9 | 1,092.3 | 76.5 | 7.5 | 46.3 | 4.4 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани субјекти | 549.4 | 643.0 | 589.4 | 480.6 | 510.6 | 630.6 | 933.9 | 1,046.2 | 1,040.9 | 978.9 | 1,150.4 | 1,187.3 | 1,203.0 | 1,168.3 | -34.7 | -2.9 | 17.9 | 1.6 |
| **Нето надворешен долг** | **911.7** | **1,218.9** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,845.1** | **1,949.5** | **2,023.3** | **2,013.7** | **2,251.2** | **2,342.4** | **2,552.8** | **2,585.9** | **33.0** | **1.3** | **334.7** | **14.9** |
| **Нето надворешен долг/БДП %** | **13.5** | **18.0** | **16.2** | **14.8** | **17.1** | **18.6** | **21.5** | **21.5** | **22.3** | **22.2** | **24.8** | **24.4** | **26.6** | **26.9** | | **0.3** | | **2.1** |
| Долгорочен долг | 942.4 | 1,450.2 | 1,606.2 | 1,795.3 | 1,778.9 | 1,909.4 | 2,419.1 | 2,536.4 | 2,563.3 | 2,676.8 | 2,924.9 | 3,027.8 | 3,157.4 | 3,187.1 | 29.7 | 0.9 | 262.3 | 9.0 |
| Краткорочен долг | -30.7 | -231.3 | -456.5 | -679.4 | -479.8 | -394.2 | -574.0 | -586.9 | -539.9 | -663.1 | -673.7 | -685.4 | -604.6 | -601.3 | 3.3 | -0.5 | 72.4 | -10.8 |
| Долгорочен долг% | 103.4 | 119.0 | 139.7 | 160.9 | 136.9 | 126.0 | 131.1 | 130.1 | 126.7 | 132.9 | 129.9 | 129.3 | 123.7 | 123.3 | | -0.4 | | -6.7 |
| Краткорочен долг% | -3.4 | -19.0 | -39.7 | -60.9 | -36.9 | -26.0 | -31.1 | -30.1 | -26.7 | -32.9 | -29.9 | -29.3 | -23.7 | -23.3 | | 0.4 | | 6.7 |
| Долгорочен долг/БДП % | 13.9 | 21.4 | 22.6 | 23.8 | 23.5 | 23.4 | 28.3 | 28.0 | 28.3 | 29.5 | 32.3 | 31.5 | 32.9 | 33.2 | | 0.3 | | 0.9 |
| Краткорочен долг/БДП % | -0.5 | -3.4 | -6.4 | -9.0 | -6.3 | -4.8 | -6.7 | -6.5 | -6.0 | -7.3 | -7.4 | -7.1 | -6.3 | -6.3 | | 0.0 | | 1.2 |
| **Јавен долг** | **-251.6** | **-104.9** | **-103.6** | **-20.6** | **62.4** | **325.8** | **576.1** | **597.7** | **659.8** | **762.9** | **869.6** | **938.8** | **1,097.0** | **1,098.1** | **1.1** | **0.1** | **228.5** | **26.3** |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 2,075.8 | 1,969.4 | 1,934.7 | 1,954.7 | 2,075.9 | 2,114.8 | 2,139.0 | 2,657.1 | 518.1 | 24.2 | 581.2 | 28.0 |
| Централна банка | -1,352.4 | -1,358.1 | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -2,142.7 | -2,033.7 | -1,941.1 | -1,885.6 | -1,965.8 | -1,946.3 | -1,816.1 | -2,359.0 | -543.0 | 29.9 | -393.3 | 20.0 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.5 | 197.3 | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 643.0 | 662.1 | 666.2 | 693.8 | 759.4 | 770.3 | 774.0 | 800.0 | 26.0 | 3.4 | 40.6 | 5.3 |
| **Приватен долг** | **1,163.3** | **1,323.9** | **1,253.3** | **1,136.5** | **1,236.7** | **1,189.5** | **1,268.9** | **1,351.7** | **1,363.6** | **1,250.8** | **1,381.6** | **1,403.5** | **1,455.8** | **1,487.8** | **32.0** | **2.2** | **106.2** | **7.7** |
| Јавен долг% | -27.6 | -8.6 | -9.0 | -1.8 | 4.8 | 21.5 | 31.2 | 30.7 | 32.6 | 37.9 | 38.6 | 40.1 | 43.0 | 42.5 | | -0.5 | | 3.8 |
| Приватен долг% | 127.6 | 108.6 | 109.0 | 101.8 | 95.2 | 78.5 | 68.8 | 69.3 | 67.4 | 62.1 | 61.4 | 59.9 | 57.0 | 57.5 | | 0.5 | | -3.8 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | 0.0 |
| Јавен долг/БДП % | -3.7 | -1.6 | -1.5 | -0.3 | 0.8 | 4.0 | 6.7 | 6.6 | 7.3 | 8.4 | 9.6 | 9.8 | 11.4 | 11.4 | | 0.0 | | 1.8 |
| Приватен долг/БДП % | 17.2 | 19.6 | 17.6 | 15.1 | 16.3 | 14.6 | 14.8 | 14.9 | 15.0 | 13.8 | 15.2 | 14.6 | 15.1 | 15.5 | | 0.3 | | 0.2 |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2015 година е претходен (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 30.9.2016). Податокот за 2016 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ

Табела 4

**Меѓународна инвестициска позиција***

(милиони евра)

| | | | | | | | | | | | | | | | | | квартална промена | | во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Кв.1-2014 | Кв.2-2014 | Кв.3-2014 | Кв.4-2014 | Кв.1-2015 | Кв.2-2015 | Кв.3-2015 | Кв.4-2015 | Кв.1-2016 | Кв.2-2016 | Кв.3-2016 | во мил. евра | во %/ п.п. | во мил. евра | во %/ п.п. |
| **МИП-нето** | **-3,265.1** | **-3,612.5** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,558.4** | **-4,590.0** | **-4,660.3** | **-4,552.2** | **-4,549.0** | **-4,655.4** | **-4,778.6** | **-4,821.0** | **-5,082.7** | **-5,216.1** | **-5,438.5** | **-5,488.6** | **-50.1** | **0.9** | **-405.9** | **8.0** |
| Средства | 2,579.8 | 2,785.5 | 3,258.4 | 4,113.2 | 4,257.5 | 4,082.5 | 4,404.0 | 4,392.5 | 5,034.1 | 4,634.0 | 4,899.4 | 4,915.0 | 4,826.5 | 4,571.9 | 5,037.5 | 4,933.9 | 5,538.2 | 604.3 | 12.2 | 966.3 | 21.1 |
| Обврски | 5,844.9 | 6,398.0 | 6,887.9 | 8,079.0 | 8,435.1 | 8,640.8 | 8,993.9 | 9,052.7 | 9,586.3 | 9,183.0 | 9,554.8 | 9,693.6 | 9,647.5 | 9,654.6 | 10,253.6 | 10,372.4 | 11,026.8 | 654.4 | 6.3 | 1,372.2 | 14.2 |
| **МИП-нето/БДП (%)** | **-48.2** | **-53.4** | **-51.1** | **-52.6** | **-55.1** | **-55.9** | **-53.6** | **-54.4** | **-53.2** | **-53.1** | **-51.4** | **-52.7** | **-53.2** | **-56.1** | **-54.3** | **-56.6** | **-57.1** | | **-0.5** | | **-1.0** |
| *Сектори* | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| МИП, нето-држава | -906.3 | -1,055.8 | -1,067.8 | -1,417.4 | -1,539.9 | -1,561.0 | -1,577.9 | -1,556.3 | -2,095.6 | -2,071.9 | -1,965.4 | -1,930.7 | -1,950.8 | -2,072.0 | -2,110.9 | -2,135.0 | -2,653.1 | -518.1 | 24.3 | -581.2 | 28.0 |
| МИП, нето-централна банка | 1,486.9 | 1,526.7 | 1,638.8 | 1,991.8 | 2,095.8 | 1,920.4 | 1,868.1 | 1,799.1 | 2,360.3 | 2,358.9 | 2,272.0 | 2,172.6 | 2,105.5 | 2,179.2 | 2,185.4 | 2,076.7 | 2,618.7 | 542.0 | 26.1 | 439.5 | 20.2 |
| МИП, нето-депозитни институции освен централната банка | -363.9 | -361.5 | -416.8 | -420.6 | -536.6 | -580.1 | -604.9 | -621.2 | -550.6 | -534.5 | -553.4 | -586.6 | -553.7 | -541.2 | -524.5 | -606.4 | -626.7 | -20.3 | 3.3 | -85.5 | 15.8 |
| МИП, нето-останати сектори | -3,481.8 | -3,721.9 | -3,783.8 | -4,119.5 | -4,196.8 | -4,337.6 | -4,275.2 | -4,282.0 | -4,266.3 | -4,301.6 | -4,408.6 | -4,433.9 | -4,422.0 | -4,648.7 | -4,766.1 | -4,773.7 | -4,827.5 | -53.8 | 1.1 | -178.8 | 3.8 |
| **МИП, нето** | **-3,265.1** | **-3,612.5** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,558.4** | **-4,590.0** | **-4,660.3** | **-4,552.2** | **-4,549.0** | **-4,655.4** | **-4,778.6** | **-4,821.0** | **-5,082.7** | **-5,216.1** | **-5,438.5** | **-5,488.6** | **-50.1** | **0.9** | **-405.9** | **8.0** |
| Директни инвестиции, нето | -2,907.9 | -3,074.7 | -3,181.3 | -3,520.8 | -3,613.3 | -3,867.9 | -3,839.5 | -3,824.4 | -3,825.5 | -3,902.7 | -4,059.4 | -4,098.3 | -4,080.5 | -4,296.3 | -4,408.5 | -4,461.0 | -4,453.7 | 7.3 | -0.2 | -157.4 | 3.7 |
| Портфолио инвестиции, нето | -260.5 | -405.5 | -372.7 | -279.2 | -345.2 | -145.5 | -147.6 | -137.8 | -643.2 | -621.7 | -610.3 | -579.9 | -567.9 | -636.2 | -644.5 | -659.2 | -1,163.6 | -504.4 | 76.5 | -527.4 | 82.9 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | -3.2 | -3.2 | -3.3 | -3.4 | -3.5 | -3.4 | -3.4 | -3.4 | -3.4 | -3.4 | -3.4 | -4.1 | -0.7 | 20.7 | -0.8 | 22.5 |
| Валути и депозити, нето | 209.2 | 274.4 | 359.3 | 454.1 | 338.3 | 371.6 | 362.8 | 345.9 | 405.6 | 466.0 | 463.2 | 431.8 | 461.8 | 467.0 | 473.5 | 387.8 | 386.2 | -1.6 | -0.4 | -80.8 | -17.3 |
| Заеми, нето | -1,540.9 | -1,608.8 | -1,942.1 | -2,465.8 | -2,525.4 | -2,791.8 | -2,818.6 | -2,891.5 | -2,907.3 | -2,926.3 | -2,828.0 | -2,823.9 | -2,867.3 | -2,894.7 | -2,937.4 | -2,961.2 | -2,990.4 | -29.1 | 1.0 | -95.7 | 3.3 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси, нето | -170.5 | -229.1 | -130.8 | -144.8 | -148.7 | -42.9 | -12.7 | 50.9 | 61.6 | 79.4 | 109.4 | 121.5 | 129.5 | 100.7 | 117.7 | 182.2 | 119.1 | -63.0 | -34.6 | 18.5 | 18.3 |
| Останати сметки за наплата/плаќање, нето | -80.3 | -94.6 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.8 | 0.3 | 0.5 | 0.1 | 45.6 | -1.3 | -72.7 |
| Девизни резерви | 1,494.9 | 1,597.5 | 1,714.5 | 2,068.9 | 2,193.3 | 1,993.0 | 1,941.2 | 1,873.0 | 2,435.0 | 2,436.5 | 2,354.8 | 2,254.8 | 2,187.4 | 2,261.8 | 2,266.3 | 2,158.8 | 2,699.0 | 540.2 | 25.0 | 437.2 | 19.3 |
| Специјални права на влечење, нето | -9.2 | -71.7 | -76.4 | -78.3 | -76.7 | -73.2 | -73.7 | -74.5 | -76.6 | -78.2 | -83.5 | -82.9 | -82.2 | -83.2 | -81.6 | -82.8 | -81.6 | 1.1 | -1.4 | 1.6 | -1.9 |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2015 година е претходен (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија“ од 30.9.2016). Податокот за 2016 година е проекција на НБРМ.

Извор:НБРМ.